# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 12/2021 01.12.2021 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на продолжението на првата конститутивна седница на Советот на Општина Пробиштип одржана на ден 01.12.2021 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Решение за верификација на мандатите на членовите на Совет на општина Пробиштип бр.1090/4-1,
2. Решение за формирање кандидациона комисија бр.1090/4-2,
3. Решение за формирање на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања бр.1090/4-3,
4. Одлука за овластување на членовите на Совет при склучување на бракови на територијата на Општина Пробиштип бр.1090/4-4,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-1090/5-2
01.12.2021 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 11,12,13 и 14 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/2005, 23/2019 и 42/2020), на продолжението на првата конститутивна седница на Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 01.12.2021 година, а по предлог на Верификационата Комисија го донесе следното:

## ***Р Е Ш Е Н И Е***
***за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Пробиштип***

1. Се верификуват мандатите на членовите на Советот на општина Пробиштип и тоа :

-Александра Наунова
-Јелена Тонев

2. Решението стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-1090/4-1*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***01.12.2021 година*** — ***ПРЕТСЕДАВАЧ***
***ПРОБИШТИП*** — ***Борче Миланов с.р.***

---

Врз основа на член 18 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/2005, 23/2019 и 42/2020), Советот на општина Пробиштип на првата конститутивна седница на Советот одржана на ден 01.12.2021 година, го донесе следното:

***Р Е Ш Е Н И Е***
***за формирање на Кандидациона Комисија***

1. Се формира Кандидациона Комисија која има за задача да даде предлог за претседател на Советот на општина Пробиштип.

2. За Претседател и членови во Кандидационата Комисија се избираат:
   - Дарко Кузев за претседател;
   - Зорица Горгиева за член;
   - Драгана Арсова за член;
   - Денис Пановски за член ;
   - Денис Тодоровски за член;

3. Решението стапува во сила со донесувањето а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-1090/4-2*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***01.12.2021 година*** — ***ПРЕТСЕДАВАЧ***
***ПРОБИШТИП*** — ***Борче Миланов с.р.***

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 38 а во врска со член 26 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 42/2020), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 01.12.2021 година, го донесе следното:

***Р Е Ш Е Н И Е***
***за формирање на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања***

1. Се формира Комисија за мандатни прашања, избори и именувања како постојана Комисија при Советот на општина Пробиштип.

2. За членови во Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања се избираат:
   - Оливер Андовски за претседател,
   - Благој Миновски за член,
   - Драгана Арсовска за член,
   - Денис Тодоровски за член
   - Симона Јованова за член

3. Решението стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 07-1090/4-3*** ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***01.12.2021 година*** ***ПРЕТСЕДАВАЧ***
***ПРОБИШТИП*** ***Борче Миланов с.р.***

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 42/2020), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 01.12.2021 година , ја донесе следната:

***О Д Л У К А***
***за овластување на членовите на Советот за учество при склучувањето на бракови на територијата на општина Пробиштип***

Член 1

Се овластуват сите 15 (петнаесет) членови на Советот на општина Пробиштип, да учествуваат при склучување на бракови на територијата на општина Пробиштип, редоследно според Решението за верификација на мандатите на членовите на Советот, што ќе биде доставено на матичната служба.

Член 2

Се задолжува матичната служба да го почитува редоследот на овластените членови на Советот кои ќе бидат повикувани да учествуват при скучувањето на бракови.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

*Број 07-1090/4-4*
*01.12.2021 година*
*ПРОБИШТИП*

*СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП*
*ПРЕТСЕДАВАЧ*
*Борче Миланов с.р.*

---